**Влада на Република Северна Македонија**

# З А П И С Н И К
од Третата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 5 јули 2024 година

Скопје, јули 2024 година

**З А П И С Н И К**
**од Третата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 5 јули 2024 година**

Седницата започна во 12:20 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Александар Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, членовите на Владата Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Тараварi, министер за здравство, д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

На седницата присуствуваше и Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Марија Бошковска Јанковски, директор на Централниот регистар на Република Северна Македонија и Методија Ристоски, нотар.

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

# ДНЕВЕН РЕД

- Усвојување на Записникот од првата седница на Владата, одржана на 28 јуни 2024 година

1. Барање за одобрување на работењето на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост- Скопје, со Предлог - одлука

2. Предлог – одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Здружение за развој на земјоделство и заштита на животна средина преку истражување, едукација и одржување на биодиверзитет „Живот“ - Куманово

3. Предлог - одлука за продажба на движна ствар (патничко моторно возило ауди А6) (Национална установа Драмски театар - Скопје)

4. Предлог - одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Педагошки факултет „Св.Климент Охридски“ во Скопје)

5. Предлог- одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари (шини)

6. Предлог –одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба и Предлог – одлука за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор наменет за продажба (ул. „8 Септември 68“, зграда бр.1, стан број 22 во Дебар)

7. Предлог – одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба и Предлог – одлука за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор наменет за продажба (ул. „8 Септември 68“, зграда бр.1, стан број 21 во Дебар)

8. Предлог – одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба и Предлог – одлука за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор (ул. „8 Септември 68“, зграда бр.1, стан број 23 во Дебар)

9. Предлог – одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба и Предлог – одлука за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор наменет за продажба (ул. „8 Септември 68“, зграда бр.1, стан број 24 во Дебар)

10. Информација за давање на трајно користење на движни ствари од страна на Државна комисија за жалби по јавни набавки, со Предлог - одлука

11. Информација за намера за намалување на основната главнина на Трговско друштво Нафтовод ДООЕЛ Скопје за 2020, 2021 и 2022 година, со Предлог - одлука

12. Барање за кредитно задолжување на Јавно претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми“ - п.о. – Скопје, со Предлог – одлука

13. Предлог - одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Општина Куманово (училиште во с.Режановце)

14. Предлог - одлука за отуѓување градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија

15. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Јаблан“, Општина Струга, со Предлог-одлука

16. Информација за одобрување на Тендерска документација и објавување на Јавен повик за доделување на дивечот од ловиштата на користење по пат на концесија во ловниот реон Кичево, Македонски Брод и Демир Хисар, со Тендерска документација

17. Предлог - одлука за распределба на средства обезбедени во Потпрограма 20-Сообраќај и комуникации, Ставка 488-Капитални дотации до ЕЛС во Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2024 година

18. Предлог - одлука за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Здружението на граѓани - Дипломирани студенти на НАТО одбранбениот колеџ во Рим, Скопје

19. Информација во врска со потребата за одобрување на Физибилити студија за јавно приватно партнерство за изградба на монтажни катни гаражи во Универзитетски клинички центар – Комплекс клиники „Мајка Тереза“ - Скопје, со Предлог – одлука

20. Предлог - одлука за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2024 година на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, придружна членка на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

21. Предлог - одлука за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2024 година на Факултетот за исламски науки – Скопје

22. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струга (ООУ „Гоце Делчев“, Подгорци)

23. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Бутел (за потребите на ООУ „Живко Брајковски“, Бутел - Скопје)

24. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чучер-Сандево (компјутерска опрема, за потребите на ООУ „Михаљ Грамено“ село Брест, Чучер-Сандево)

25. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Арачиново (ООУ „Абдил Фрашери“ - Арачиново)

26. Информација за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за реконструкција на објект СОУ „Коле Неделковски“, Општина Велес, како и услуги за вршење на стручно-технички надзор врз реконструкција на објект СОУ „Коле Неделковски“, Општина Велес

27. Кадровски прашања

28. Прашања и предлози

29. Информација за одложена имплементација на делови од Концепцијата за основно образование

30. Информација за преземање на административни службеници вработени во Министерство за односи меѓу заедниците

31. Информација за одложена имплементација на наставните планови и програми за I (прва) година на гимназиското образование, средното стручно четиригодишно образование и за средното стручно тригодишно образование од учебната 2024/2025 година

32. Предлог - одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Noble Partner 24“ во Грузија

33. Информација за операционализација на законските измени кои се однесуваат на Министерството за спорт

34. Информација за потребата од обезбедување на средства, просторни и технички услови за непречено функционирање на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини

35. Предлог – одлука за именување на гувернер на Република Северна Македонија во Европската банка за обнова и развој

36. Предлог – одлука за именување на гувернер на Република Северна Македонија во групацијата Светска банка-Меѓународна банка за обнова и развој, Меѓународното здружение за развој, Меѓународната финансиска корпорација и Мултилатералната агенција за гарантирање на инвестициите

37. Информација за резултатите од завршената истрага од страна на Европското биро за борба против измама (ОЛАФ) и националните структури во врска со проекти финансирани во Република Северна Македонија преку Инструментот за претпристапна помош (ИПА) 2007-2013, со Предлог - одлука

38. Информација за предавање во владение недвижност предмет на експропријација, со Предлог-одлука

39. Предлог - одлука за изменување и дополнување на Одлуката за основање на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија

40. Информација за слободен простор по објекти и податоци за институции кои користат канцелариски простории по објекти на времено користење

41. Информација за поништување на постапката за доделување на концесија за дивечот во ловиштата во ловните реони Куманово, Кочани, Кавадарци, Гевгелија, Битола, Охрид и Кичево започната согласно Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во ловните реони Куманово, Кочани, Кавадарци, Гевгелија, Битола, Охрид и Кичево („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 220/23 и 30/24), со Предлог - одлука

42. Предлог – програма за финансиска поддршка во земјоделството за 2024 година

43. Информација за статусот на подготовка на Реформската агенда 2024-2027, во рамки на Планот за раст за земјите од Западен Балкан, со статус 5 јули 2024 година (последна верзија доставена од Министерството за финансии), со прилози

44. Информација за потребата од формирање Организациски одбор за одбележувањето на државниот празник 2 Август, Ден на Републиката (Илинден) 2024 година

*

*     *

Владата без забелешки го усвои Записникот од првата седница на Владата, одржана на 28 јуни 2024 година.

*

*     *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

## Точка 1

Владата по Барањето за одобрување на работењето на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост- Скопје, со Предлог - одлука ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на Управниот одбор на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост - Скопје, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за транспорт во рок од една недела да одржи состанок со Министерството за финансии, Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост - Скопје и Акционерското друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје на кој ќе се разгледа можноста Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост - Скопје да го одложи плаќањето на заемот кон заемодавачот Акционерското друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост.

## Точка 2

Владата ја одложи од разгледување Предлог – одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Здружение за развој на земјоделство и заштита на животна средина преку истражување, едукација и одржување на биодиверзитет „Живот“ - Куманово, за наредната седница на Владата.

## Точка 3

Владата ја донесе Одлуката за продажба на движна ствар (патничко моторно возило ауди А6).

## Точка 4

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад.

## Точка 5

Владата ги одложи од разгледување Предлог - одлуките за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари (шини), за наредната седница на Владата.

## Точка 6

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба.

2. Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор.

## Точка 7

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба.

2. Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор.

## Точка 8

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба и

2. Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор.

## Точка 9

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба и

2. Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор.

## Точка 10

Владата ја разгледа Информацијата за давање на трајно користење на движни ствари од страна на Државна комисија за жалби по јавни набавки, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Здружението за афирмација на ликовното творештво, организација на ликовниот живот и збогатување на ликовната култура, Друштво на ликовните уметници на Македонија-Скопје.

## Точка 11

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за намера за намалување на основната главнина на Трговско друштво Нафтовод ДООЕЛ Скопје за 2020, 2021 и 2022 година, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, поради потребата истата да се разгледа во присуство на директорот на Нафтовод ДООЕЛ Скопје, како и потребата во прилог на материјалот да се достават завршните сметки за тие години.

## Точка 12

Владата по Барањето за кредитно задолжување на Јавно претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми“ - п.о. – Скопје, со Предлог – одлука ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за кредитно задолжување на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми“ - п.о. – Скопје.

Истовремено, Владата го задолжи Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми“ - п.о. – Скопје да одржи состанок со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за финансии во врска со фактичката финансиска состојба во која се наоѓа претпријатието и неможноста да се исплаќаат плати за вработените и за некоја од наредните седници да подготви и до Владата да достави информација за причините за тешката финансиска состојба на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми“ - п.о. – Скопје и утврдување на одговорност на претходните раководства за истото.

## Точка 13

Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 5 јули 2024 година ја донесе Одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Општина Куманово.

## Точка 14

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за отуѓување градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за некоја од наредните седници на Владата, поради потребата Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да достави мислење по материјалот, како и ново мислење да достави Министерството за транспорт.

## Точка 15

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Јаблан“, Општина Струга, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата.

## Точка 16

Владата на предлог на предлагачот ја симна од Дневен ред Информацијата за одобрување на Тендерска документација и објавување на Јавен повик за доделување на дивечот од ловиштата на користење по пат на концесија во ловниот реон Кичево, Македонски Брод и Демир Хисар, со Тендерска документација.

**Точка 17**

Владата ја донесе Одлуката за распределба на средства обезбедени во Потпрограма 20-Сообраќај и комуникации, Ставка 488-Капитални дотации до ЕЛС во Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2024 година, со заклучок во текстот на точките 2 и 3 да се наведе новото име на Министерството.

**Точка 18**

Владата на предлог на предлагачот ја симна од Дневен ред Предлог - одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Здружението на граѓани - Дипломирани студенти на НАТО одбранбениот колеџ во Рим, Скопје.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата за одобрување на Физибилити студија за јавно приватно партнерство за изградба на монтажни катни гаражи во Универзитетски клинички центар – Комплекс клиники „Мајка Тереза" - Скопје, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Истовремено, Владата заклучи, надлежните органи (Министерството за внатрешни работи и Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција) да го преиспитаат начинот на стопанисување со паркингот на Универзитетскиот клинички центар – Комплекс клиники „Мајка Тереза" – Скопје од 2022 година до денес.

**Точка 20**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2024 година на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски" - Скопје придружна членка на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

**Точка 21**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2024 година на Факултетот за исламски науки – Скопје.

**Точка 22**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струга (ООУ „Гоце Делчев", Подгорци).

**Точка 23**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Бутел (за потребите на ООУ „Живко Брајковски", Бутел - Скопје).

**Точка 24**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чучер-Сандево (компјутерска опрема, за потребите на ООУ „Михаљ Грамено“ село Брест, Чучер-Сандево.).

**Точка 25**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Арачиново (ООУ „Абдил Фрашери“ - Арачиново).

**Точка 26**

Владата на предлог на предлагачот ја симна од Дневен ред Информацијата за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за реконструкција на објект СОУ „Коле Неделковски“, Општина Велес, како и услуги за вршење на стручно-технички надзор врз реконструкција на објект СОУ „Коле Неделковски“, Општина Велес.

**Точка 27**

Владата заклучи:

1. Владата го разреши Борис Тунџев од должноста директор на Агенцијата за катастар на недвижности.

1.1 Владата го именува Иван Живковски за вршител на должноста директор на Агенцијата за катастар на недвижности и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

1.2 Владата го разреши Арбен Ќерими од должноста заменик на директорот на Агенцијата за катастар на недвижности.

1.3 Владата го именува Амет Зибери за вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за катастар на недвижности и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

2. Владата го разреши Зулфи Адили од должноста вршител на должноста директор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија.

2.1 Владата го именува Рефик Џемаили за вршител на должноста директор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

2.2 Владата го разреши Сами Рушиди од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија.

3. Владата го отповика Филип Даскаловски од должноста вршител на должноста управител на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќе наменска сала „Борис Трајковски“ – ДООЕЛ Скопје, на негово барање.

3.1 Владата го избра Данијел Апостолски за управител на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќе наменска сала „Борис Трајковски“ – ДООЕЛ Скопје.

4. Владата го разреши Јане Станкоски од должноста вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за земјоделство, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

4.1 Владата го именува Васе Анакиев за вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за земјоделство, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

5. Владата го разреши Зоран Павлов од должноста вршител на должноста директор на Управата за заштита на културното наследство, орган во состав на Министерството за култура и туризам.

5.1 Владата ја именува Весела Честоева за вршител на должноста директор на Управата за заштита на културното наследство, орган во состав на Министерството за култура и туризам и истовремено ѝ утврди коефициент за пресметување на плата.

6. Владата од должноста членови на Надзорниот одбор на Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД – Скопје ги отповика:

- Јордан Тасевски
- Аделаид Каришиќ
- Билјана Младеновска
- Дејан Чакароски
- Висар Ајети од независен
- Неџат Алији од независен и
- Борче Гиновски од Синдикалната организација.

6.1 Владата за членови на Надзорниот одбор на Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД – Скопје ги избра:

- Александар Каракачанов
- Мирослав Тричковски
- Кристина Цветковска за независен
- Маријана Китановска за независен
- Драган Филиповски
- Милан Ѓорѓевски и
- Тони Димовски од Синдикалната организација.

7. Владата од должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“ – Пробиштип ги разреши:

- Киро Кировски
- Кристина Стојанова
- Ленче Рунтева
- Марија Андонова Стоименова
- Тони Геров
- Марија Петковска и
- Ристе Атанасов.

7.1 Владата за вршители на должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“ – Пробиштип ги именува:

- Бранка Бошкова
- Мише Милановски
- Александар Николовски
- Тони Саздов
- Катерина Досева
- Валентина Давиткова и
- Панче Стаматовски.

8.1 Владата од должноста членови на Надзорниот одбор на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“ – Пробиштип ги разреши:

-Стојанчо Лазаров
-Панче Стоименовски, поради истек на мандатот
-Марија Бикова
-Лидија Цикарска и
-Емилија Галабовска Биљарска, поради истек на мандат.

8.1 Владата за вршители на должноста членови на Надзорниот одбор на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“ – Пробиштип ги именува:

-Христина Ѓоргиева
-Деспина Китановска Трајковска и
-Анџела Доневска Тодосиева.

9. Владата од должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие Колекторски систем ги разреши:

-Илбер Мирта од член
-Ненад Стојановски од член
-Катерина Стојановска Крстевска
-Саше Јованоски од вршител на должноста член

-Светозар Стефановиќ од вршител на должноста член
-Славица Мијајлеска од вршител на должноста член и
-Иснет Мерко од вршител на должноста член.

9.1 Владата за вршители на должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие Колекторски систем ги именува:

-Катерина Стојаноска
-Ирена Протугер
-Марјан Пејовски
-Деан Котевски
-Татјана Димоска
-Благој Наковски и
-Татјана Трпчевска.

10. Владата го отповика Златко Ориѓански од должноста директор на Културно – информативниот центар на Република Северна Македонија во Тирана, Република Албанија.

11.Владата го отповика Марјан Танушевски од должноста директор на Културно – информативниот центар на Република Северна Македонија во Белград, Република Србија.

11.1 Владата го именува Васко Шутаров за директор на Културно – информативниот центар на Република Северна Македонија во Белград, Република Србија, на предлог на министерот за култура и туризам.
12. Владата го отповика Валмир Азири од должноста директор на Културно – информативниот центар на Република Северна Македонија во Истанбул, Република Турција.

12.1 Владата го именува Диме Ратајковски за директор на Културно информативниот центар на Република Северна Македонија во Истанбул, Република Турција, на предлог на министерот за култура и туризам.

13. Владата ја отповика Наталија Поповска од должноста директор на Културно информативниот центар на Република Северна Македонија во Загреб, Република Хрватска.

13.1 Владата ја именува Мими Ѓоргоска Илиевска за директор на Културно информативниот центар на Република Северна Македонија во Загреб, Република Хрватска, на предлог на министерот за култура.

14. Владата ја разерши д-р Маја Мојсова - Мијовска од должноста национален координатор за трансплантација, на предлог на министерот за здравство.

15. Владата ја разерши д-р Билјана Андоновска од должноста заменик на националниот координатор за трансплантација, на предлог на министерот за здравство.

16. Владата го разреши Владимир Пивоваров од должноста вршител на должноста координатор на Националниот координативен центар за гранично управување.

17. Владата го разреши Неби Бејадин од должноста вршител на должноста заменик координатор на Националниот координативен центар за гранично управување.

18. Владата го разреши Борче Мирчески од должноста вршител на должноста национален координатор за медијација.

19. Владата го разреши Фатмир Ејупи од должноста национален координатор за социјална заштита и процес на деинституционализација.

20. Владата го разреши Бедри Бехадини од должноста национален координатор за информатика и енергетика.

21. Владата го разреши Фатон Асани од должноста национален координатор за соработка со дијаспора.

22. Владата го разреши Рамадан Рамадани од должноста национален координатор за кохезија.

23. Владата го разреши Владимир Симоновски од должноста национален координатор за имплементација на Националната платформа за намалување на ризици од несреќи и катастрофи на Република Северна Македонија.

24. Владата го разреши Златко Апостолоски од должноста национален координатор за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам.

25. Владата го разреши Џеладин Ајвази од должноста заменик на националниот координатор за спречување на насилен екстремизам.

26. Владата го разреши м-р Роберт Алаѓозовски од должноста национален координатор за интеркултурализам, едно општество, развој на културата и меѓуресорска соработка.

27.Владата ја разреши Магбуле Амети од должноста национален координатор за здравство.

28. Владата го разреши Златко Арсов од должноста заменик на националниот координатор за борба против тероризам.

29.Владата го разреши Рамиз Реџепи од должноста директор на Бирото за регионален развој, орган во состав на Министерството за локална самоуправа.

29.1 Владата го именува Даут Мемеши за вршител на должноста директор на Бирото за регионален развој, орган во состав на Министерството за локална самоуправа и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

30. Владата го разреши Аднан Цафероски од должноста вршител на должноста директор на Управата за сигурност во железничкиот систем, орган во состав на Министерството за транспорт.

30.1 Владата го именува Александар Донев за вршител на должноста директор на Управата за сигурност во железничкиот систем, орган во состав на Министерството за транспорт и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

31. Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавно претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“ – Пробиштип од должноста вршител на должноста директор на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица” – Пробиштип да го разреши Љупчо Благоевски, а за вршител на должноста директор на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“ – Пробиштип да го избере Златко Стојановски.

32. Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица” – Пробиштип за вршител на должноста заменик директор на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица” – Пробиштип да го избере Игор Манасов.

33. Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавното претпријатие Колекторски систем од должноста вршител на должноста директор на Јавното претпријатие Колекторски систем да го разреши Владимир Алексијоски, а за вршител на должноста директор да го избере Игор Серафимовски.

34. Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавното претпријатие Колекторски систем од должноста вршител на должноста заменик директор на Јавното претпријатие Колекторски систем да го разреши Фатон Положани.

## Точка 28

**1.** Владата ги задолжи сите државни институции да достават податоци за отпочнати и најавени арбитражни постапки пред домашни и меѓународни арбитражни судови до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија во рок од три дена.

**2.** Владата на предлог на м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, а во врска со одбележувањето на денот на потпишување на Охридскиот рамковен договор, го задолжи заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците во најкус можен рок да побара согласност од Бирото за јавни набавки за спроведување на постапка со преговарање без објавување оглас, за искористување на предвидените средства во буџетот за 2024 година за одбележување на настанот, имајќи ја предвид итноста од јавната набавка и временското ограничување и неможноста да се спроведе постапка за јавна набавка по редовна постапка.

**3.** Владата на предлог на м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, заклучи:

- Се задолжуваат работодавачите од јавниот сектор и трговските друштва во државна сопственост да ги запрат постапките за вработување и унапредувања кои не завршиле до 31.12.2023 година, а се објавени врз основа на издадени позитивни согласности од Министерството за финансии за обезбедени средства во 2023 година како тековна фискална година, а продолжени во 2024 година врз основа на Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, со оглед дека се спротивни и неусогласени со одредбите на Законот за буџетите.

**4.** Владата по повод укажувањето на Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, а во врска со материјалите кои се во владина постапка од претходниот состав на Владата, заклучи истите да бидат разгледувани на седница на Генералниот колегиум на државни секретари.

Истовремено, се задолжуваат сите министри, кои немаат назначено државни секретари, да овластат лица од своите институции (државни советници или раководители на сектори), со цел да присуствуваат на седниците на Генералниот колегиум на државни секретари.

**5.** Владата заклучи:

1) Се задолжуваат Министерството за дигитална трансформација и Министерството за јавна администрација да ја известат Владата на првата наредна седница, за статусот на реализација на обврските кои произлегуваат од членот 29 став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа.

2) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да формира Координативно тело за следење на спроведувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа, составено од претставници од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за дигитална трансформација, Министерството за јавна администрација, Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за економија и труд, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за култура и туризам, Министерството за образование и наука, Министерството за спорт, Министерството за европски прашања, Министерството за односи меѓу заедниците, Државниот инспекторат за техничка инспекција и Државниот пазарен инспекторат, во рок од три дена.

3) Се задолжуваат Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за дигитална трансформација, Министерството за јавна администрација, Министерството за надворешни работи и надворешна трговија,

Министерството за економија и труд, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за култура и туризам, Министерството за образование и наука, Министерството за спорт, Министерството за европски прашања, Министерството за односи меѓу заедниците, Државниот инспекторат за техничка инспекција и Државниот пазарен инспекторат, да номинираат лица до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, во рок од два дена.

4) Се задолжува Координативното тело за следење на спроведувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа да подготви акциски план со преглед на активности и оперативни рокови со цел реализација и следење на спроведувањето на Законот и за истото да ја извести Владата на првата наредна седница, по неговото формирање.

5) Се задолжува Координативното тело за следење на спроведувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа, за степенот на реализација на активностите утврдени во Акцискиот план да ја информира Владата на секои две недели.

Истовремено, Владата заклучи, во процесот на работата на Координативното тело за следење на спроведувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа, консултативно да биде вклучен и Секретаријатот за законодавство.

**6.** Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да подготви и на наредната седница на Владата да достави информација во врска со новата содржина на менаџерските договори и преглед на реализација на истите, како и предлог до Владата на Република Северна Македонија за понатамошно дејствување.

**7.** Владата го разгледа Барањето за измена на Заклучок од точка 1 „Информација за корекција на проценетата вредност во Информацијата за спроведување на повеќегодишна групна јавна набавка за Изведување на градежни работи за доградба на постоечкиот објект „Кокиче“ во Општина Карбинци, с. Таринци“ од Изводокот од Нацрт – записникот од Првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 јуни 2024 година, го прифати Барањето и заклучи истиот да се измени и да гласи:

1) Даде согласност за преземање на обврски со програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2024 година од буџетот на Министерството за труд и социјална политика и буџетски средства во 2025 година од буџетот на Министерството за социјална политика, демографија и млади, како и од буџетот на Општина Карбинци за изведување на градежни работи за доградба на постоечкиот објект „Кокиче“ во Општина Карбинци, с. Таринци во вкупна вредност од 16.416.078,84 денари, без ДДВ со планирана динамика на плаќање и тоа:

- 10.000.000,00 денари без вклучен ДДВ на Сметка 637, Програма 3А, Расходна ставка 481 за 2024 година, од буџетот на Министерството за труд и социјална политика за 2024 година и
- 1.810.930,00 денари без вклучен ДДВ на Сметка 637, Програма 3А, Расходна ставка 481 за 2025 година, од буџетот на Министерството социјална политика, демографија и млади за 2025 година.
Остатокот од 4.605.148,84 денари, ќе го финансира Општина Карбинци од буџетот на Општина Карбинци.

2) Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветната фискална година.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за одложена имплементација на делови од Концепцијата за основно образование и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за образование и наука да ги стави во мирување во учебната 2024/2025 година деловите на Концепцијата за основно образование кои се однесуваат за седмо, осмо и деветто одделение, освен во делот на изборните предмети.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука да ја одложи примената на Наставниот план за 2024/2025 година како и примената на новите донесени наставни програми за седмо и осмо одделение и да донесе наставен план за учебната 2024/2025 година.

3. Се задолжува Министерството за образование и наука – Педагошка служба, да го повлече Конкурсот за издавање на учебници во деветгодишно основно образование бр.26-592/1 од 9.4.2024 година, објавен на 12.4.2024 година на интернет страницата на Министерството за образование и наука.

4. Се задолжува Министерството за образование и наука – Педагошка служба да ги стави во мирување Конкурсот за издавање на учебници во деветгодишно основно образование за седмо одделение, како и јавните повици за формирање на авторски тимови за изработка на ракопис за учебници за седмо одделение.

5. Се задолжува Министерството за образование и наука – Биро за развој на образованието, да изготви материјали за учење за наставниот предмет Историја и наставниот предмет Географија за седмо одделение, најдоцна до започнување на учебната 2024/2025 година.

Истовремено, се задолжува Министерството за образование и наука на секои две недели, да ја информира Владата за прогресот по ова прашање.

# Точка 30

Владата ја разгледа Информацијата за преземање на административни службеници вработени во Министерство за односи меѓу заедниците и согласно расправата на седницата на Владата, ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат органите на државната управа, односно им се укажува на институциите кои немаат статус на орган на државна управа кои треба да преземаат административни службеници од Министерството за односи меѓу заедниците вработени преку Програмата К-5, а кои немаат слободни работни места, според актот за систематизација на работните места, да предвидат слободни работни места и актите за систематизација на работните места да ги достават на согласност до Министерството за јавна администрација во рок од пет дена.

2. Се задолжува Министерството за јавна администрација, во рок од пет дена од приемот на актите за систематизација од органите на државната управа, односно институциите кои немаат статус на орган на државна управа, кои треба да ги преземат вработените преку Програмата К-5 во Министерството за односи меѓу заедниците, во рамки на своите надлежности и овластувања, да даде согласност на актите за систематизација на работните места.

3. Се задолжуваат органите на државната управа, односно им се укажува на институциите кои немаат статус на орган на државна управа кои треба да преземаат административни службеници вработени во Министерството за односи меѓу заедниците преку Програмата К-5, кои имаат слободни работни места според актите за систематизација на работните места, до декември 2024 година да ја завршат постапката за преземање.

4. Се задолжуваат органите на државната управа, односно им се укажува на институциите кои немаат статус на орган на државна управа кои треба да преземаат административни службеници вработени во Министерството за односи меѓу заедниците преку Програмата К-5, а притоа добиле согласност на актот за систематизација на работните места да ја завршат постапката за преземање до декември 2024 година.

5. Се задолжува Министерството за финансии реализираните преземања на административни службеници од Министерството за односи меѓу заедниците да ги има во предвид при подготвување на предлогот на буџетот за 2025 година, со цел преземените административни службеници, во јануари 2025 година, да примат плата од новата институција.

Истовремено, се задолжува Министерството за односи меѓу заедниците да го коригира табеларниот преглед, согласно новите институции од Законот за организација и работа на органите на државната управа и истиот да го достави до засегнатите институции.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата за одложена имплементација на наставните планови и програми за I (прва) година на гимназиското образование, средното стручно четиригодишно образование и за средното стручно тригодишно образование од учебната 2024/2025 година, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за образование и наука да го одложи започнувањето на имплементација на новите наставни планови и програми по наставните предмети Математика, Физика, Хемија и Биологија за I (прва) година на гимназиско образование, за I (прва) година на средно стручно четиригодишно образование и за средно стручно тригодишно образование во сите средни училишта.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Предлог – одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Noble Partner 24“ во Грузија и ја донесе Одлуката со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата за операционализација на законските измени кои се однесуваат на Министерството за спорт и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за спорт, со Централниот регистар на Република Северна Македонија, да изнајдат решение за надминување на проблемот со кој се соочува Министерството за спорт и за истото на наредната седница да ја информираат Владата.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од обезбедување на средства, просторни и технички услови за непречено функционирање на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди привремени простории за работа на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини најдоцна во рок од пет дена.

2. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Република Северна Македонија да започне постапка за технички прием, ставање во употреба и давање на трајно користење на објектот во КО Центар 1 на Имотен лист бр. 98657, парцела бр. 13526/6 во површина од 1425 м2 на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини најдоцна во рок од три месеци.

3. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди лица за водење на канцelариско, архивско, сметководствено и финансиско работење на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини најдоцна во рок од пет дена.

4. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Република Северна Македонија да обезбеди работни бироа, работни столови, фиокари, шкафови, компјутери, печатари, телефони и друг канцелариски материјал и опрема за работење на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини најдоцна во рок од пет дена.

## Точка 35

Владата ја донесе Одлуката за именување на гувернер на Република Северна Македонија во Европската банка за обнова и развој.

## Точка 36

Владата ја донесе Одлуката за именување на гувернер на Република Северна Македонија во групацијата Светска банка-Меѓународна банка за обнова и развој, Меѓународното здружение за развој, Меѓународната финансиска корпорација и Мултилатералната агенција за гарантирање на инвестициите.

## Точка 37

Владата ја разгледа Информацијата за резултатите од завршената истрага од страна на Европското биро за борба против измама (ОЛАФ) и националните структури во врска со проекти финансирани во Република Северна Македонија преку Инструментот за претпристапна помош (ИПА) 2007-2013, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, со цел да се реализира поврат на средства кон Европската комисија од страна на Министерството за финансии врз основа на добиеното барање за поврат, а во врска со нерегуларностите кај проект финансиран преку Инструментот за претпристапна помош (ИПА) 2007-2013.

Притоа, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција да ја информира Владата за постапката во врска со грант договор број.12-7324/1 од 19 декември 2017 година од тендерска постапка Europe Aid/138495/ID/ACT/MK „Иновативен центар: Компаративна предност за поголема конкурентност" кој е спроведен децентрализирано во рамките на Програмата за помош при транзиција и институционална надградба (ТАИБ 2013), како и за постапките за евентуалните злоупотреби на финансиски средства од европските фондови кои се користеле во Министерството за образование и наука и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 38

Владата ја разгледа Информацијата за предавање во владение недвижност предмет на експропријација, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и условно ја донесе Одлуката за предавање во владение недвижност предмет на експропријација, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на материјалот со Агенцијата за катастар на недвижности и Секретаријатот за законодавство.

## Точка 39

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за основање на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и условно ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 40

Владата ја разгледа Информацијата за слободен простор по објекти и податоци за институции кои користат канцелариски простории по објекти на времено користење и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да го разгледа слободниот простор и направи список со приоритети кои институции во кои простории ќе бидат сместени, да направи работна група и да изработи механизам со кој ќе се предложи и изнајде начин за сместување на државни институции, согласно барањата за простор, кои реално имаат потреба од истите.

Истовремено, се задолжуваат сите државни институции, во рок од две недели, да ја информираат Службата за општи и заеднички работи на Република Северна Македонија за исполнетоста на канцелариските простории, односно, просторните потреби, според бројот на вработени, а согласно добиените податоци од институциите, Службата за општи и заеднички работи на Република Северна Македонија да подготви и до Владата да достави информација.

Исто така, се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, до наредната седница на Владата, да направи дефектажа на кровот на Министерството за односи меѓу заедниците, а врз основа на тоа, на наредната седница на Владата, да информира колку финансиски средства се потребни за поправка на истиот.

## Точка 41

Владата ја разгледа Информацијата за поништување на постапката за доделување на концесија за дивечот во ловиштата во ловните реони Куманово, Кочани, Кавадарци, Гевгелија, Битола, Охрид и Кичево започната согласно Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за дивечот во ловиштата во ловните реони Куманово, Кочани, Кавадарци, Гевгелија, Битола, Охрид и Кичево („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 220/23 и 30/24), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија за дивечот во ловиштата бр.3 „Козјак“, бр.4 „Љубодраг“, бр.5 „Слупчане“, бр.6 „Карабичане“, бр.7 „Степанце“, бр.8 „Желувино“, бр.9 „Облавце“, бр.10 „Мургаш“, бр.11 „Старо нагоричане“, бр.12 „Зебрењак“, бр.13 „Орашец“, бр.14 „Доброшане“, бр.4 „Соколарци“, бр.5 „Бања“, бр.6 „Подлог“, бр.7 „Росоман“, бр.11 „Чемерско“, бр.4 „Црничани“, бр.6 „Ивени“, бр.8 „Врањевци“, бр.5 „Косел“, бр.8 „Стрелци“ и бр.9 „Цер“.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Предлог–програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2024 година и ја донесе Програмата, со заклучок активностите и мерките кои се предвидени со Програмата да се димензионираат и реализираат согласно обезбедените средства без да се преземаат обврски за наредниот среднорочен период.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на подготовка на Реформската агенда 2024-2027, во рамки на Планот за раст за земјите од Западен Балкан, со статус 5 јули 2024 година (последна верзија доставена од Министерството за финансии), со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања и м-р Гордана Димитриеска - Кочоска, министер за финансии како ко-претседавачи да ја информираат Европската комисија за финалните позиции по мастер табелата на Реформската агенда.

2. Се задолжуваат надлежните министри во рамките на своите надлежности да постапат по сите коментари во наративниот дел на Реформската агенда и ексел табелите по приоритетни области со статус 5 јули 2024 година (12:30 часот), најдоцна до понеделник, 8 јули 2024 година до 12:00 часот.

3. Се задолжуваат надлежните министри согласно формираната структура за имплементација на Планот за раст и Реформската агенда да продолжат и со координација согласно претходно договорените улоги.

4. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација да подготви идентификациони листи за проекти (ПИФ-ови) за секој проект од предложената секторска листа на проекти, најдоцна во рок од една недела.

5. Се задолжува Министерството за образование и наука да подготви секторска листа на проекти, согласно ВБИФ методологијата, најдоцна во рок од една недела.

6. Се задолжува Министерството за европски прашања во соработка со Министерството за транспорт, Министерството за економија и труд и Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерството за образование и наука, Министерството за здравство и Министерството за дигитална трансформација да ги обезбедат сите дополнителни информации за зрелоста, временската динамика и наративот за придонесот на проектите во индикативната листа во рамките на реформската агенда, најдоцна до третата недела од јули 2024 година.

Истовремено, согласно дискусијата на седницата на Владата на Република Северна Македонија се задолжува Министерството за европски прашања при доставување на Реформската агенда 2024-2027, во рамки на Планот за раст за земјите од Западен Балкан, со статус 5 јули 2024 година да ги земе предвид следните укажувања/заклучоци:

1. Да се упати образложено барање до Европската комисија за дополнителен рок од еден месец со цел спроведување целосна и детална анализа и притоа да се побара средба со Канцеларијата на Европската комисија на која ќе се образложат ставовите и позициите како и аргументите поради кои постои загриженост од постоење на негативен ефект.

2. Потребата од донесување на Законот за енергетика и Законот за обновливи извори на енергија до 15 септември 2024 година.

3. Неможноста за прифаќање на предлогот на Европската комисија за намалување на цената на поштенските услуги имајќи предвид дека за да се реализира истото потребно е намалување на бројот на вработени.

4. Неможноста за прифаќање на предлогот на Европската комисија во делот на преструктуирање на Железници на Северна Македонија - Транспорт АД – Скопје во насока на подготовка на план за преструктуирање согласно кој би се намалиле трошоците, а профитабилноста би се зголемила, бидејќи истото би значело намалување на бројот на вработени.

5. Да се има предвид дека она што е договарано во 2012 година и моменталната состојба на Буџетот на Република Северна Македонија како и целокупната економска состојба се аргумент во прилог на барањето за дополнителен рок од еден месец.

6.Прифаќање на имплементацијата за интелигентен транспортен систем и е – фактури само во делот на Коридор 10 кој се однесува на патен сообраќај, но не и за железничкиот сообраќај.

**<u>Точка 44</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од формирање Организациски одбор за одбележувањето на државниот празник 2 Август - Ден на Републиката (Илинден) 2024 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да подготви и до Владата да достави соодветен предлог за формирање на Организациски одбор за одбележувањето на државниот празник 2 Август - Ден на Републиката (Илинден) 2024 година.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ја реализира Програмата согласно насоките на Организацискиот одбор за одбележувањето и да обезбеди финансиски средства за таа намена.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 17:55 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**Игор Јанушев**

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**проф. д-р Христијан Мицкоски**